UDC: 347.91/.95.04(497.7)

Original research paper

# ON THE NEED OF MOVING THE BOUNDARIES OF THE PRINCIPLE OF PROCESS ECONOMY IN CIVIL LITIGATION

**Dijana Gjorgjieva**
PhD, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Law Iustinianus Primus in Skopje
dgorgieva64@yahoo.com
**Zorica Stoileva**
Ph.D student at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Law Iustinianus Primus in Skopje
stoileva_zorica@yahoo.com
**Emilija Gjorgjioska**
Assistant Professor, Ss. Climent Ohridski University in Bitola
Faculty of Economics in Prilep
emilija.mateska@uklo.edu.mk

**Abstract**

With the longest and fastest commercial airline flight from one end of the world to the other only 17 and a half hours, it is still unthinkable for some litigation to take years. At a time when almost every second teenager has a mobile phone with a million applications, it is inadmissible for the procedural legislator to "fail" to regulate the legal regime for online trials. Hence the litigation of the XXI century in terms of speed must adapt to the trends of modern times to survive. Exactly because of this the subject of analysis of this paper are the new frontiers of the principle of process economy in litigation in accordance with the new draft Law on Civil Litigation of North Macedonia, as well as the need for its amendment in order to comply with modern European procedural standards.

***Keywords:*** Process economy, Draft Law on Civil litigation, Amendments, case management

# ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМЕСТУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА НАЧЕЛОТО НА ПРОЦЕСНА ЕКОНОМИЈА ВО ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

**Дијана Ѓорѓиева**
доктор на науки, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје
dgorgieva64@yahoo.com
**Зорица Стоилева**
докторант, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје
stoileva_zorica@yahoo.com
**Емилија Ѓорѓиоска**
доцент на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола
Економски факултет во Прилеп
emilija.mateska@uklo.edu.mk

**Апстракт**

Во услови кога најдолгиот и најбрз комерцијален авионски лет од едната до другата страна на светот трае само 17 и пол часа незамисливо е сè уште некои парнични постапки да траат со години. Во време кога речиси секој втор тинејџер располага со мобилен телефон со милион операции недозволиво е процесниот законодавец да „пропуштил" да регулира правен режим за online судење. Одовде парничната постапка на XXI век од аспект на стандардот брзина мора да се прилагоди на трендовите на модерното време за да опстои. Токму поради ова предмет на анализа на овој труд се новите граници на начелото на процесна економија во парничната постапка согласно новиот Предлог закон за парнична постапка на Северна Македонија, како и потребата за негово дополнување во насока на усогласување со современите европски процесни стандарди.

***Клучни зборови:*** Процесна економија, Предлог закон за парнична постапка, Дополнување, управување со предмети.

## Вовед

Идеалниот баланс помеѓу начелото на процесна економија и расправното/истражното начело отсекогаш бил и ќе биде сон на процесната наука. Во контекст на ова се чини со право Couture вели: „во процесот, времето вреди повеќе од злато, времето е правда"[1], а Carnelutti потенцира: „проблемот за рамнотежа на правдата со ефикасноста е проблем аналоген на оној за квадратирање на кругот...За жал правдата ако е точна не е брза, а ако е брза не е точна"[2].

[1] "En el proceso el tiempo es algo más que oro es justicia". Couture Eduardo, Proyecto de Codigo de Procedimiento Civil, Imp. Uruguaya, Montevideo, 1945, 37.
[2] "El problema de equilibrar la justicia con la eficiencia es un problema análogo al de la cuadratura del círculo. Lamentablemente, la justicia si es correcta no es rápida, y si es rápida no es correcta". Carnelutti Francesco, Cómo se hace un proceso, Editorial Temis. Bogotá, 1994, 14.

Одовде оправдано се отвора прашањето како треба да бидат поставени границите на начелото на процесна економија во парничната постапка, а притоа да не дојде до повреда на правото на правично судење, односно како судовите брзо да правораздаваат, а одлуките кои ги донесуваат да бидат правилни и законити. Одговорот на ова прашање треба да се бара во реализацијата на идеалите на процесната наука во реалната судска практика. И да, иако нема да има една единствена точка за крај, секогаш кон замислената делта треба да се стреми процесната наука бидејќи само така ќе еволуира и ќе се прилагодува на потребите на актуелното процесно време.

## 1. Значење и поим на начелото за процесна економија

Начелото на процесна економија е скелетно начело на парничната постапка. Станува збор за општо процесно начело кое е есенција (дух) на граѓанскиот процесен закон, а одовде и силен фактор од кој зависи квалитетот на правната заштита која се добива во парничната постапка.

Коренот на начелото на процесна економија во националните процесни законодавства кои се изградени под инфлуенца на специјализираниот научен процесуализам е конкретниот процесен закон, а коренот на начелото на процесна економија во националните процесни законодавства кои се изградени под инфлуенца на неспецијализираниот научен процесуализам е уставот.[3]

Со оглед на фактот што начелата на парничната постапка не треба да се мешаат со целите на парничната постапка се чини позицијата на специјализираниот научен процесуализам од аспект на објаснувањето на начелото на процесна економија е поoправдана. Ова затоа што начелата во парничната постапка треба да имаат исклучиво нормативен карактер и како такви не треба да се конфундираат со идеите водилки на законодавецот при креирањето на граѓанското парнично процесно право. И не само тоа. Ако уставните принципи и норми се внесат во начелото на процесна економија тоа потенцијално може да ја загуби својата контура и да мутира кон поимот основа на постапката. Одовде начелото на процесна економија треба да се разбере како темелна вредносна одлука на граѓанскиот процесен законодавец во поглед на обликувањето и текот на постапката како и во поглед на распределбата на задачите меѓу судот и странките.

Начелото на процесна економија во парничната постапка не е апстрактно начело, туку е начело кое се конкретизира во одредени граници коегзистирајќи и функционирајќи во дијалектичка синтеза со останатите начела во парничната постапка. Оттука треба да се прави разлика помеѓу начелото на процесна економија во догматска и нормативна смисла.[4]

[3] Heinrich Nagel, Die Grundzüge des Beweisrechts im europäischen Zivilprozeß, Baden-Baden, 1967, 27-30.
[4] Bruns Rudolf, Baltzer Johannes, Gedächtnisschrift für Rudolf Bruns, Vahlen, München 1980, 111-125.

Начелото на процесна економија во догматска смисла е чист идеал во јуриспруденцијата на концепти, имагинарен модел, теориска опција, креација на науката, можна ориентациона точка за уредување на парничната постапка, но никогаш тотална реалност.

Од друга страна, начелото на процесна економија во своето нормативно значење е важечка максима на парничната постапка. Како такво начелото на процесна економија се реализира во еден систем и токму поради ова мора да има нормативен карактер. Ова затоа што конкретниот процесен систем не дозволува ниту едно начело да се апсолутизира што е силен доказ дека догматското и нормативното значење на начелото на процесна економија се разликуваат (но не и разминуваат, исклучуваат!), но и дека начелата треба да се разликуваат од основите на постапката. Одовде, начелото на процесна економија во догматска смисла се спушта од апстрактно на нормативно ниво и се реализира во кооперација на судот и странките со цел да се добие на време, но истовремено и да се намалат трошоците на правораздавање, односно добивање на правдата.

Начелото на процесна економија е широк поим кој концепциски се однесува на три различни аспекти и тоа: време (потреба парничната постапка да заврши што е можно побргу) трошоци (потреба парничната постапка да биде што е можно поевтина и економската нееднаквост на странките да не биде одлучувачка) и напор, односно труд (потреба во парничната постапка да не се преземаат непотребни парнични дејствија).

## 2. Граници на остварување на начелото на процесна економија во парничната постапка на civil law системот – историско-правни аспекти

Границите на остварувањето на начелото на процесна економија во парничната постапка на civil law системот се динамична категорија. Ова е сосема логично и оправдано затоа што и парничната постапка мора да се трансформира согласно потребите на модерното време за да опстои.[5] Неспорно, иако парничната постапка како законска и догматска институција настана во втората половина на XIX век таа оттогаш, па наваму се реформира и подобрува како метод на правораздавање со цел промптно и ефикасно да дава правна заштита за повредените, оспорените или загрозените граѓански субјективни права и интереси.

Под притисокот и како рефлекс на реформите на парничната постапка се поместуваат и/или менуваат и парадигмите на реализирањето на начелата во парничната постапка, а со самото ова се поместуваат и/или менуваат и границите на остварување на начелото на процесна економија. Станува збор за неопходен процес кој се очекува да продолжи и pro futuro бидејќи начелото на процесна економија е фундаментално начело на парничната постапка.[6]

---

[5] Uzelac Alan.: Sudski postupak nakon Korone: Transformacija ili kapitulacija?, Suvremena trgovina, Zagreb, 2020, 14-20.

[6] Палачкович Душица, Парнично процесно право, Крагујевац, 2004, 38.

Сепак, ако парничната постапка во civil law системот ја анализираме на макро ниво, може да се забележи дека оваа постапка не се реформира многу бргу и навремено. Во контекст на ова на прв поглед речиси и да не постои разлика меѓу парничната постапка на крајот на XIX и парничната постапка во почетокот на XXI век. Иако "научното право" на ова уште одамна предупредува се чини процесниот законодавец е нем и глув и никако не ги спроведува реформите за технологизацијата, колективизацијата и зголемувањето на брзината на парничната постапка. Со самото ова парничната постапка како да стои во место и да ги прима ударите на времето залажувајќи се самата себеси со мали реформски чекори исто како мало дете кое си игра плитко во морето. Со самото ова и границите на остварувањето на начелото на процесна економија во парничната постапка набљудувани на макро ниво веќе еден подолг временски период покажуваат извесни закономерности и генерално стагнираат. Причините за ова треба да се бараат во фактот што модерната граѓанска постапка во civil law системот е историско процесно наследство на едни стари времиња и базично фузија на францускиот законски процедурализам и германско-австрискиот специјализиран научен пандектизам преточен во процесуализам.[7]

Францускиот граѓански процесен закон од 1806 година, како сам почеток на историографијата на граѓанската постапка на civil law системот, погрешно ќе ги постави контурите на начелото на процесна економија во парничната постапка. Ова ќе се случи затоа што либералниот законски модел на граѓанската постапка на Бонапарта, странките ќе ги направи dominus litis на спорот, а судијата обичен пасивен гледач во арената, и тоа како од аспект на фактичките така и од аспект на правните прашања. Ова и не треба да изненадува затоа што францускиот модел на граѓанската постапка бил осмислен како модел кој треба да спречи какви и да било судски арбитрерности со закон.[8] Ова ќе биде погодна плодна почва за оддолжување на постапките во недоглед затоа што странките во однос на судијата ќе се наоѓаат во една идеална состојба на процесен laisser faire.

Дополнително францускиот модел на граѓанската постапка ќе го обезоружа начелото на процесна економија и со помош на институтот мирење (како задолжителна фаза на првиот стадиум на постапката), како и делејќи ја граѓанската постапка на подготвителен и главен стадиум без класична главна расправа и не регулирајќи никакви преклузии во можноста за преземањето на процесните дејствија од странките. Од друга страна наполеоновиот модел на граѓанската постапка изречно ќе забрани изведување на докази од судијата кој суди што ќе биде уште еден силен атак врз начелото на процесна економија.

[7] Повеќе кај: Ѓорѓиева Дијана, Правна природа на правото на правна заштита во граѓанската постапка (докторска дисертација), Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2019, 60-78.
[8] Подреденоста на судската во извршната француска власт ќе ескалира во состојба европскиот судија да биде само устата (bouche), а не и мозокот (cerveu) на законот. Damaška Mirjan R, Las caras de la justicia y el poder del Estado (Análisis comparado del proceso legal), Editorial Juridica de Chile, Santiago, 2000, 69.

Вака креирано начелото на процесна економија преку Францускиот граѓански процесен закон ќе навлезе речиси во сите национални граѓански процесни законодавства во Европа. Исклучок од ова нема да биде ниту Законот за граѓанската постапка на Германија од 1877 година, кој исто така на судијата ќе му даде слаба, а на странките силна позиција во постапката, и тргнувајќи од оваа погрешна почетна точка вековно ќе се реформира.

Границите на начелото на процесна економија во парничната постапка од XIX за првпат иницијално ќе ги помести Австрискиот закон за парничната постапка од 1895 година. Ова ќе се случи затоа што овој закон ќе отвори перспектива за поголема активност на судијата во парничната постапка, но и затоа што ќе отвори идеја за анализирање на парничната постапка од економски агол. Токму поради ова со право некои процесуалисти тврдат дека австриското граѓанско процесно право е почетната точка на новите граници на начелото на процесна економија во парничната постапка и тоа не само на XX, туку и на XXI век.[9] Ова е така затоа што Франц Клеин при изготвувањето на Австрискиот закон за парничната постапка ќе тргне од визијата дека парничната постапка треба да биде побрза и поефтина.

Најзначајни новини со кои Австрискиот закон за парничната постапка од 1895 година ќе ги прошири границите на начелото на процесна економија се следниве: поместување на прелиминарните приговори поназад во постапката (со цел за нив да не се водат одвоени постапки), овластување на судијата за менацирање со предметот по службена должност со цел да ги штити кратките рокови за извршување на процесните чекори, важни овластувања на судијата во поглед на истрагата на фактите во постапката, поделба на судењето на подготвителна писмена и главна усна фаза, воведување и строго применување на принципот на преклузии според кој конкретен процесен чекор не може да се преземе по истек на конкретен судски рок, должност на судот по службена должност да ја известува странката за различните процесни документи на другата странка.[10]

Овие реформи создадоа нова рамнотежа меѓу овластувањата на судијата и овластувањата на странките, затоа што судијата доби овластување за материјално управување со постапката и барање на материјалната вистина, а и се избегна можноста за одолговлекување на постапката во недоглед од странките.

Австрискиот закон за парничната постапка од 1895 година ќе биде инспирација и на Новелата на Законот за парничната постапка на Германија од 1924 година со која дополнително ќе се зајакне судската контрола на текот на судењето.[11] Од друга страна, по Втората светска војна, германскиот процесен

[9] Rhee C.H. Van, Civil Litigation in Twentieth Century Europe, The Legal History Review, Maastricht University, 2007, op.cit, 307-308.

[10] Повеќе Видете кај: Fasching H W, Die Weiterentwicklung des Zivilprozessrechts im Lichte der Ideen Franz Kleins, Wien, 1988, 101-103.

[11] Fisch William B, Recent Developments in West German Civil Procedure, University of Missouri School of Law, 1967, 225.

законодавец ќе го регулира штудгартскиот модел на парнична постапка со кој парничната постапка ќе биде поделена на стадиуми и фази и во германско-австриската доктрина. Во 1974 година ќе следуваат дополнителни законски реформи со кои најпрво правото на странките да го изберат надлежниот суд ќе биде ограничено за да на крај на судијата кој суди во стадиумот на предсудење му биде дадено овластување да ја води целата постапка до крај. Ова ќе создаде услови во 1976 година да се воведе институтот главна расправа, институт преку кој начелото на процесна економија дополнително ќе биде зајакнато преку можноста не само за временско, туку и за содржинско управување со парницата.[12] Потоа во германско-австриското законодавство ќе следуваат серија на реформи со кои преклузиите на странките во преземањето на процесните дејствија ќе се конектираат токму со започнувањето или заклучувањето на главната расправа. Последна крупна реформа во овој правец е ограничувањето во изнесувањето на нови факти и докази најдоцна до првото рочиште на главната расправа.

Австрискиот закон за парничната постапка во делот за забрзување на постапките ќе биде инспирација и за Англиските процесни правила од 1999 година. Токму поради ова некои процесуалисти со право тврдат дека Франц Клеин и Лорд Вулф се татковци на модерната граѓанска постапка и креатори на новите темели на начелото на процесна економија во постапките.

Англиските граѓански процесни правила, инспирирани од Извештајот на Вулф за основните проблеми во функционирањето на англискиот процесен систем, ќе му дадат еден посебен печат на начелото на процесна економија во парничната постапка. Како такви поради трендот на апроксимација (приближување на процесните правила на civil law и common law системот) во почетокот на XXI век ќе предизвикаат длабоки реформи на националните граѓански процесни законодавства на civil law системот и ќе започнат да ја истиснуваат старата матична европска доктрина.

Лорд Вулф во своето дело “Pro futuro” предлага нова тридимензионална шема на парничната постапка: правично судење, адекватно траење и разумна цена.[13] Според Вулф процесната постапка треба да е креирана така што правичноста на судењето биде еднакво важна како и брзината на постапувањето. Токму поради ова како модерни трендови за проширување на границите на начелото на процесна економија во парничната постапка тој ги предлага: pre-action protocols, case managment и процесна колаборација на судот и странките.[14]

[12] Fisch William B, Recent Developments in West German Civil Procedure, University of Missouri School of Law, 1967, 226-227.

[13] Moloney Susan, A New Approach to Civil Litigation? Implementing the “Woolf Reforms” and Judicial Case Management, Judicial Studies Institute Journal, 2001, 98-109.

[14] Подетално кај: Sorabji John, English Civil Justice after The Woolf and Jackson Reforms: A Critical Analysis, Cambridge University Press, Cambridge, 2014.

## 3. Граници на остварување на начелото на процесна економија во парничната постапка на civil law системот до крајот на XX век

Доколку начелото на процесна економија во парничната постапка на civil law системот се анализира на макро ниво може да се забележи дека до крајот на XX век се остварува во одредени граници кои може да се анализираат на три нивоа и тоа: 1) пред парничната постапка, 2) за време на парничната постапка (конкретизирана преку парницата) и 3) преку посебни процесни институти вон парничната постапка.

Границите во кои може да се остварува начелото на процесна економија пред парничната постапка иницијално се зависни од начинот на организацијата на судовите.[15] Ова затоа што организацијата на судската власт влијае врз изгледот на парничната постапка во организациона смисла (поделбата на парничната постапка на степени, стадиуми и фази). Во контекст на ова гарант за остварување на границите на начелото на процесна економија пред парничната постапка се пропишаните законски правила за водење на парничната постапка во lex nationalis procesus.

Границите во кои може да се остварува начелото на процесна економија во парничната постапка ги регулира самиот lex nationalis procesus. Примарна цел на регулирањето на овие правила е да не се случи трошоците на парницата да ја надминат вредноста на правниот интерес заради чија заштита постапката е иницирана.[16] Начелото на процесна економија во парничната постапка иницијално се остварува согласно правилата за содржинска и временска концентрација на парничната постапка. Овие правила иако првично се насочени кон судот се обврска за сите учесници во парничната постапка бидејќи во интерес на сите учесници во парничната постапка е донесување на правилна и законита одлука на најрационален начин (со што е можно помал трошок на време, труд и материјални трошоци). Начелото на процесна економија во парничната постапка се конкретизира со низа поединечни правила во постапката: спојување на парници, кумулирање на тужбени барања, сопарничарство, преклузии на странките поврзани со можноста за преземање на процесни дејствија со стадиумот на предсудење (во националните граѓански процесни законодавства од романскиот и скандинавскиот граѓански процесен круг на civil law системот) или подготвителното рочиште или ако тоа не е одржано првото рочиште на главната расправа или пак заклучувањето на главната расправа (во националните граѓански процесни законодавства од германскиот граѓански процесен круг на civil law системот), делумната, дополнителната и меѓупресудата, намалување на бројот на апсолутни суштествени повреди на

[15] Во контекст на ова повеќе кај: Weers Thomas, Reforming the law of civil procedure: Does it work?, Utrecht School of law, 2015.

[16] Marić Darija, Начело економичности и право на суђење у разумном року у парничном поступку Републике Србије, Зборник радова “Однос права у региону и права Европске Уније” Том II, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, 2015, 251-252.

одредбите на парничната постапка на кој судот внимава по службена должност, ограничување на функциите на судијата во ревизиската постапка и други.[17]

Начелото на процесна економија во парничната постапка може да се остварува и преку серија на посебни институти вон парницата. Во компаративното процесно право вакви институти егземпларно се: посебните судови за решавање на спорови од мала вредност, посебните постапки за решавање на мандатни барања кои гласат на неспорни побарувања, алтернативните начини за решавање на споровите, постапките за дејудикализација (особено во делот на семејното процесно право) и други.

## 4. За потребата од поместување на границите на начелото на процесна економија во парничната постапка на civil law системот во почетокот на XXI век

Модерни трендови на XXI век со кои се очекува да бидат поместени границите на начелото на процесна економија се реформите од аспект на: брзината, технологизацијата и колективизацијата на парничната постапка.

Парничната постапка и покрај тоа што се потпира на начелото на процесна економија е во расчекор со брзината на движењето на информациите на модерното време. Ratio за ова е фактот што парничната постапка настана како процесно-правен феномен и законски институт во втората половина на XIX век кога стандардот брзина на пренос на информациите беше рекорд од 19 часа за достава на писмено од Лондон до Манчестер. Но денес во услови кога најдолгиот светски комерцијален авионски лет од Лондон до Хонг Конг трае само 17 и пол часа стандардот брзина на траење на парничната постапка мора да биде поместен. Поради ова во почетокот на XXI век во националните граѓански процесни законодавства на civil law системот на повидок се реформи во насока на зголемување на брзината на траење на парничната постапка и поместување на границите на начелото на процесна економија пред и во парничната постапка.

Реформи со кои се очекува да се зголеми брзината на парничната постапка и да се поместат границите на начелото на процесна економија пред парничната постапка се реформите за реорганизација на судовите[18], промовирање на инокосно судење[19], судско управување со предметите[20] и воведување на

[17] За конкретизацијата на начелото на процесна економија во македонското парнично процесно право повеќе погледнете кај: Јаневски Арсен, Зороска Камиловска Татјана, Граѓанско процесно право – Книга прва – Парнично право, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 110-111, 2009.

[18] Реорганизацијата на судскиот систем во почетокот на XXI век генерално се потпира на идејата за зајакнување на првостепените судови и специјализација на апелационите судови.

[19] Оваа тенденција е видлива особено во првостепената парнична постапка каде pro futuro се очекува да суди судија поединец без каква и да било условеност со вредносен критериум.

[20] Концептот судско управување со предметите е креиран во националните процесни системи на common law системот. Овој концепт поради предностите кои ги нуди во XXI век се очекува да го здогледа светлото на денот и во парничните процесни законодавства на државите во civil law системот.

облигаторна фаза на мирење пред секоја парнична постапка[21].

Реформи со кои се очекува да се поместат границите на начелото на процесна економија во парничната постапка се реализираат преку серија нови институти и тоа: изненадувачка одлука, план за управување со граѓанската постапка, правен режим за незаконски доказ, временски рокови за спроведување на главна расправа, временски оквир во кој треба да заврши првостепената и второстепената парнична постапка, тренд за неводење на главна расправа кога фактичката состојба не е спорна и слично. Целта на овие реформи во крајна линија треба да биде ангажман не само на судот туку и на странките во реализација на начелото на процесна економија во парничната постапка.

Реформите во насока на зголемување на брзината на парничната постапка на наднационален план ги гарантира правото на судење во разумен рок како автономно процесно право, поради линкот кој постои меѓу националното процесно право и супранационалниот контролен систем за заштита на човековите права и основните слободи на Европскиот суд во Стразбур.

Од друга страна и рамо до рамо со константата брзина, парничната постапка потфрла и на теренот на технологизацијата. Во контекс на ова во почетокот на XXI век е неизбежна трансформација на традиционалната во електронска парница, односно регулирање на правила за судење на далечина и со самото ова коренско поместување на границите на начелото на процесна економија согласно информатичко-комуникациските потреби.

Границите на начелото на процесна економија во парничната постапка на XXI век треба да бидат поместени и со помош на институтот колективна тужба. Во контекст на ова мора да се надмине старата индивидуалистичка субјективна шема за водење на парничната постапка и да се регулира овој институт во националните граѓански процесни законодавства на civil law системот по примерот на судската пракса на common law системот.

## 5. Граници на остварување на начелото на процесна економија во македонското парнично процесно законодавство

Доколку хронолошки се разгледува важењето на процесните закони за парнична постапка во македонското законодавство, може да се констатира дека во временскиот период од 30-тина години независност, на територијата на Република Македонија се применуваа: Законот за процесната постапка на СФРЈ од 1976 година[22] (кој согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување

[21] Облигаторната фаза на мирење пред секоја парнична постапка е институт на францускиот модел за парничната постапка на Бонапарта. Како специфика на националните граѓански процесни законодавства од романскиот процесен круг на civil law системот овој институт во поново време започнува да се инфилтрира и во националните граѓански процесни законодавства од германскиот процесен круг на civil law системот. Вистински доказ за ова е член 139 од Новиот закон за парничната постапка на Германија од 27 јули 2001 година, кој го регулира овој институт.

[22] Закон за процесната постапка („Службен лист на СФРЈ" бр. 4/77, 36/77, 36/80, 69/82, 58/84, 74/87, 57/89, 20/90, 27/90 и 35/91).

на Уставот на Република Македонија се применуваше како републички закон[23]), Законот за парничната постапка од 1998 година[24] и Законот за парничната постапка од 2005 година[25] (кој сѐ уште е во важност).

Овие законски процесни времиња хронолошки влијаеа и врз начелото на процесна економија во парничната постапка. Неспорно, границите на начелото на процесна економија низ решенијата на македонскиот законодавец со секоја измена добиваа своја градација приближувајќи се кон актуелните европски процесни стандарди.

Законот за процесната постапка на СФРЈ од 1976 година е континуитет и надградба на австро-германската визија за парничната постапка. Австро-германската визија за парничната постапка со радарот на својата моќ навлезе најпрво во југославенското (Законот за судските постапки во граѓанските парници од 1929 година и Законот за процесната постапка од 1956 година), а одовде и во македонското парнично процесно право како негов следбеник. Со оглед на фактот што оваа визија не беше некоја идеална креација на начелото на процесна економија, институтите на австро-германскиот законодавец, во чии рамки структурно се создаде начелото на процесна економија, набргу отворија проблеми и во југославенската судска практика. Законот за забрзување на процесната постапка пред редовните судови од 1955 година се чини е прв патоказ за реформите кои следуваа (иницијалното регулирање на институтот инокосно судење, воведувањето на институтот пресуда поради изостанок и посебната судска парнична постапка за платен налог).

Начелото на процесна економија дополнително беше зајакнато и со Законот за процесната постапка од 1976 година чиј покрупни реформи во контекст на проширување на границите на начелото на процесна економија се: регулирањето на посебната парнична постапка за спорови од мала вредност и рационализацијата на системот на правните лекови.

Законот за парничната постапка од 1998 година дополнително ги потврди границите на начелото на процесна економија на Законот за процесната постапка од 1976 година за што доказ е ослабената преклузија во поглед на поднесувањето на противтужбата и преиначувањето на тужбата (до заклучувањето на главната расправа, а не до првото рочиште на главната расправа) и дозволувањето на beneficium novorum.

Законот за парничната постапка од 2005 година (заедно со измените и дополнувањата од 2008, 2009, 2010 и 2015 година) воведе суштински измени во начелото на процесна економија. Ова затоа што го зголеми степенот на

[23] По осамостојувањето на Република Македонија беше донесен Законот за парничната постапка (Службен весник на Република Македонија" бр. 33/98 и 44/02).

[24] Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/1998, 44/2002).

[25] Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015).

одговорност на странките во спорот преку овозможување на непосредно и без претходна дозвола на судот поставување на прашања, поголема пристапност до доказите со кои странките не располагаат, задолжително водење на тонски записи од судењата, задолжително воведување на медијација како преходник на посебната парнична постапка за стопански спорови до одредена вредност, оневозможување за одолговлекување на постапката конкретизирано преку забрана за повеќекратно укинување на одлука по жалба, забрана за beneficium novorum во жалба, напуштање на институтот мирување на постапката, воведување на кратки рокови за одлучување и преземање на определени процесни дејствија, воведувањето на пресуда поради неподнесување одговор на тужба и пресуда без одржување на расправа и други. Дополнително начелото на процесна економија во одредени свои сегменти во 2006 година доби и дополнителна судска заштита на национално, а потенцијално и наднационално ниво и со помош на барањето за судење во разумен рок. Начелото на процесна економија во македонското процесно право во почетокот на XXI век дополнително ќе биде ојакнато и низ тенденциите за правно чистење (Rechtsbereinigung) и дејудикализација. Ова затоа што тенденцијата за правно чистење ги растовари судовите од неспорните правни работи преку пренос на одредени парнични во вонпарнични постапки, а тенденцијата за дејудикализација преку пренос на неспорните вонпарнични правни работи кај лица со јавни овластувања согласно закон.

Со цел создавање на функционална, успешна и ефикасна парнична постапка во септември 2020 година ќе биде известена јавноста за започнување на процесот за подготовка на Предлог Закон за парнична постапка. Во Предлог Законот се предвидени повеќе процесни решенија, чија цел меѓу другото е подобра имплементација на начелото на процесна економија со помош на институти за зголемување на брзината на парничната постапка, како и колективизацијата и технологизацијата, по примерот на европските процесни стандарди на актуелното време.

Со цел поедноставување и забрзување на доставата во Предлог Законот за парнична постапка се воведуваат нови, изменети или се врши доразработување на постоечките начини за достава на писмена во текот на постапката, особено преку зацврстување и разработување на можноста за доставување по електронски пат.

Начелото на процесна економија дополнително е разработено и преку скратување на инструкциските рокови во кои судот или странките се должни да извршат одредени процесни дејствија (роковите во кои судот треба да закажи и одржи подготвитено рочиште или други рочишта). За прв пат е воведен институтот временска рамка за водење на постапката, така што на подготвителното рочиште судот во договор со странките ја определува временската рамка за водењето на постапката. Предвидено е решението за определување на временската рамка за водење на постапката да содржи: број

на рочишта за главна расправа, ден и час на одржување на рочиштата за главна расправа, распоред за изведување на доказите на рочиштата за главна расправа. На овој начин се врши во голема мера операционализација на процесната економија, се овозможува предвидливост, прегледност, намалување на одлагањата на рочиштата и пролонгирање на постапката, а со тоа се намалуваат и можностите за зголемување на трошоците. Case management-от подразбира разумно планирање и закажување на процесните дејствија. Процедуралниот каленадар треба да овозможи полесно менаџирање и водење на предметите како од страна на судот, така и од страна на странките во постапката. Со воведувањето на case management-от македонскиот законодавец се очекува да се приближи до европското законодавство со големо задоцнување, бидејќи одговорноста на судот за активен и ефикасен case management е прифатена во најголем број европски јурисдикции во 1980тите.[26]

Границите на начелото на процесна економија во парничната постапка се очекува да бидат поместени и со помош на институтот колективна тужба или тужба за заштита на колективни интереси и права. За прв пат во македонското процесно законодавство со Предлог Законот за парнична постапка е предвидено да се постави генерална законска рамка со која методолошки ќе се хармонизираат постапките за заштита на колективни права, надоградувајќи го постоечкото фрагментирано регулирање на оваа заштита со посебни закони. Преку уредувањето на посебните постапки за заштита на колективните интереси и права се очекува да се создадат нормативни претпоставки за пружање адекватна и ефикасна правна заштита во споровите во кои е потребно истовремена правна заштита на повеќе десетици, па и стотици поединци (таканаречени mass harm situations).

Друга новина во Предлог Законот е задолжителна медијација покрај во трговските (стопанските) спорови за парично побарување чија што вредност не надминува 1.000.000 денари така и во работните спорови за кои постапката се поведува со тужба пред суд, со исклучок на споровите заради вработување на тужителот. Задолжителна медијација пред започнување на судска постапка е пропишана и за споровите од мала вредност. Воведувањето на задолжителна медијација пред парничната постапка е тренд кој се очекува да продолжи и понатаму.

Нови граници на начелото на процесна економија од аспект на технологизацијата иницијално треба да бидат поставени и преку законско регулирање на правило за судење на далечина. Предлог Законот во оваа насока за првпат отвора можност судот да одлучи да се одржи рочиште на далечина со користење на технички уред за врска на далечина или на овој начин да се изведат докази.

[26] International Institute for the Unification of Private Law (UNIDROIT), ELI-UNIDROIT MODEL OF EUROPEAN RULES OF CIVILE PROCEDURE, From Transnational Principles to European Rules of Civil Procedure, European Law Institute (ELI), Oxford Press, 2021, 109.

Потребата од подобрување на законските одредби и доуредување на прашањата кои создаваа проблеми во примената на законот меѓу кои и оние институти кои се во непосредна конекција со начелото на процесна економија како што се рокови и рочишта, поедноставување и забрзување на доставата, тек на постапката, докази и изведување на докази, подготвување на главната расправа заради ефикасна главна расправа, вградување на заштитата на колективните права и интереси, технологизација како и усогласување со други поврзани закони, се важен предуслов за поместување на границите на начелото на процесна економија. Останува да се дочека кога и како овој процес ќе биде завршен бидејќи станува збор за реформски процес кој е тест не само за ефикасноста на парничната постапка, туку и за ефективност на целокупниот правен поредок.

**Заклучок**

Начелото на процесна економија е базично начело на парничната постапка. Суштината на ова начело е со помалку време, трошоци и напор да се донесе правилна и законита одлука. Контурите на начелото на процесна економија во civil law системот се поставени во француското парнично процесно право, а надоградени во австро-германското и англиското граѓанско процесно право. Преку австро-германското парнично процесно право начелото на процесна економија е вградено најпрво во југославенското, а од него и во македонското парнично процесно право. Современи трендови со кои се поместуваат границите на начелото на процесна економија во парничната постапка се зголемувањето на брзината на парничната постапка, колективизацијата и технологизацијата. Станува збор за трендови кои ги следи и македонскиот процесен законодавец. Дека ова е така потврдува еволуцијата на македонските парнични процесни закони, а посебно Законот за парничната постапка од 2005 година и измените и дополнувањата на овој закон во годините потоа, како и новиот Предлог Закон за парнична постапка од 2020 година.

**Користена литература**

1. Bruns Rudolf, Baltzer Johannes, Gedächtnisschrift für Rudolf Bruns, Vahlen, München 1980.
2. Damaška Mirjan R, Las caras de la justicia y el poder del Estado (Análisis comparado del proceso legal), Editorial Juridica de Chile, Santiago, 2000.
3. Ѓорѓиева Дијана, Правна природа на правото на правна заштита во граѓанската постапка (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2019.
4. ELI-UNIDROIT MODEL OF EUROPEAN RULES OF CIVILE PROCEDURE, From Transnational Principles to European Rules of Civil Procedure, European

Law Institute (ELI), International Institute for the Unification of Private Law (UNIDROIT), Oxford Press, 2021.
5. Zoroska Kamilovska Tatjana, Shterjova Tatjana, Postupci za zaštitu kolektivnih prava i interesa sa osvrtom na stanje u Republici Makedoniji, PRAVO – teorija i praksa Broj 07–09, 2014.
6. Јаневски Арсен, Зороска Камиловска Татјана, Граѓанско процесно право – Книга прва – Парнично право, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2009.
7. Carnelutti Francesco, Cómo se hace un proceso, Editorial Temis. Bogotá, 1994.
8. Couture Eduardo, Proyecto de Codigo de Procedimiento Civil, Imp. Uruguaya, Montevideo, 1945.
9. Maganić Aleksandra, Građanski sporovi kao posljedica COVID-a 19, Revija Kopaoničke Škole prirodnog prava br. 2/2021.
10. Marić Darija, Начело економичности и право на суђење у разумном року у парничном поступку Републике Србије, Зборник радова "Однос права у региону и права Европске уније" Том II, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, 2015, 249-272.
11. Moloney Susan, A New Approach to Civil Litigation*?* Implementing the *"*Woolf Reforms*"* and Judicial Case Management, Judicial Studies Institute Journal, 2001, 98-109.
12. Палачкович Душица, Парнично процесно право, Крагујевац, 2004.
13. Rhee C.H. Van, Civil Litigation in Twentieth Century Europe, The Legal History Review, Maastricht University, 2007.
14. Sorabji John, English Civil Justice after The Woolf and Jackson Reforms: A Critical Analysis, Cambridge University Press, Cambridge, 2014.
15. Uzelac Alan, Sudski postupak nakon Korone*:* Transformacija ili kapitulacija?, Suvremena trgovina, Zagreb, 2020.
16. Fasching H W, Die Weiterentwicklung des Zivilprozessrechts im Lichte der Ideen Franz Kleins*,* Wien, 1988.
17. Fisch William B, Recent Developments in West German Civil Procedure, University of Missouri School of Law, 1967.
18. Heinrich Nagel, Die Grundzüge des Beweisrechts im europäischen Zivilprozeß, Baden-Baden, 1967.
19. Herzog Weser, Weser Martha, 1967, Civil Procedure in France, 1967.
20. Weers Thomas, Reforming the law of civil procedure: Does it work?, Utrecht School of law, 2015.